Република Македонија
Општина Охрид

Општина Охрид

ул. Димитар Влахов бр. 57
6000 Охрид
Република Македонија

www.ohrid.gov.mk

Врз основа на Законот за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти („Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/2004, 55/2007, 145/2010, 136/2011, 163/2013 и 147/2015 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 224/2024), општина Охрид објавува:

ЈАВЕН ПОВИК
за прибирање предлог-идеи за определување имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти на подрачјето на Општина Охрид

Општина Охрид објавува јавен повик за прибирање предлог-идеи од граѓаните, месните заедници и другите заинтересирани субјекти за определување, дополнување и промена на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти на подрачјето на Општина Охрид.

Целта на јавниот повик е да се обезбеди активно учество на граѓаните во процесот на предлагање имиња, да се зачува историското, културното и традиционалното наследство на Охрид и охридскиот регион, како и да се создаде соодветна и сеопфатна листа на имиња која ќе ја одразува локалната историја, култура, традиција и општествен развој.

Согласно член 5 став (1) од Законот, имињата на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти може да се определуваат врз основа на географски, етнографски, историски и други обележја, имиња на истакнати личности од областа на историјата, науката и културата, други погодни имиња, како и имиња на значајни настани и датуми.

Согласно став (2) од истиот член, листата на имиња ја утврдува Советот на Општината, по претходно добиена согласност од Владата на Република Македонија.

Право на учество на јавниот повик имаат:

- Месните заедници од подрачјето на Општина Охрид, преку свои официјални предлози;
- Група граѓани составена од најмалку 20 потписници;
- Здруженија на граѓани, фондации и други заинтересирани правни субјекти;
- Поединечни граѓани, преку месните заедници или како дел од иницијатива поддржана од најмалку 20 потписници.

Предложените имиња треба да бидат во согласност со член 5 став (1) од Законот, односно да се засноваат на следните обележја и критериуми:

1. Географски обележја

- Географски називи карактеристични за Охрид и охридскиот регион;
- Имиња на планини, езера, реки, извори, локалитети и други природни обележја;
- Автентични локални топоними.

2. Етнографски обележја

- Називи поврзани со традицијата, обичаите и народното творештво;
- Имиња поврзани со локалниот начин на живот, занаетчиството и културното наследство;

Општина Охрид

ул. Димитар Влахов бр. 57
6000 Охрид
Република Македонија

www.ohrid.gov.mk

- Автентични народни и традиционални називи.

3. Историски обележја

- Имиња поврзани со значајни историски периоди и настани;
- Називи поврзани со историското минато на Охрид и охридскиот регион;
- Имиња поврзани со значајни личности и настани од локалната и националната историја.

4. Истакнати личности од областа на историјата, науката и културата

- Народни херои и истакнати учесници во историски настани;
- Научници, просветители, писатели, уметници и културни дејци;
- Личности кои со своето дело и придонес оставиле трајна вредност за Охрид, Македонија и пошироко.

5. Други погодни имиња

- Имиња кои имаат посебно локално, културно, општествено или историско значење;
- Називи кои ја одразуваат препознатливоста и идентитетот на населените места во Општина Охрид.

6. Значајни настани и датуми

- Настани од локално, национално и меѓународно значење;
- Датуми поврзани со значајни историски и културни случувања;
- Настани кои оставиле траен белег во историјата и развојот на Охрид и Република Македонија.

Секој доставен предлог треба да содржи:

1. Предложено име на улица, плоштад, мост или друг инфраструктурен објект;
2. Вид на инфраструктурниот објект за кој се предлага името;
3. Населено место на кое се однесува предлогот;
4. Кратко образложение за значењето и оправданоста на предложеното име;
5. Доколку се предлага име на личност, кратка биографија со податоци за животот, делото и придонесот на личноста;
6. Податоци за предлагачот и контакт-информации.

Предлозите доставени од група граѓани треба да бидат поткрепени со потписи од најмалку 20 граѓани, со наведени име и презиме и место на живеење.

НАЧИН И РОК НА ДОСТАВУВАЊЕ

Предлозите може да се достават:

- Во писмена форма во архивата на Општина Охрид;
- По пошта на адреса: Општина Охрид, ул. „Димитар Влахов“ бр. 57, Охрид;

Рокот за доставување на предлозите е 10 дена од денот на објавувањето на јавниот повик.

РАЗГЛЕДУВАЊЕ НА ПРИСТИГНАТИТЕ ПРЕДЛОЗИ

Пристигнатите предлози ќе бидат евидентирани, разгледани и анализирани од страна на комисијата за спроведување на јавен повик

При разгледувањето ќе се води сметка за:

- Усогласеноста со законските критериуми;
- Историското, културното и локалното значење на предложените имиња;
- Автентичноста и препознатливоста на предложените називи;
- Соодветната застапеност на различните историски, културни и етнографски обележја;
- Избегнување на повторување на исти имиња во рамките на исто населено место;
- Усогласеноста со законските ограничувања од член 6 од Законот.

Општина Охрид го задржува правото да не ги прифати сите доставени предлози.

Доставувањето предлог не значи автоматско прифаќање или определување на предложеното име.

По завршувањето на постапката за прибирање и разгледување на предлозите, ќе биде подготвена предлог-листа на имиња, која ќе биде предмет на понатамошна постапка согласно законските надлежности на Советот на Општина Охрид и Владата на Република Македонија.

За сите дополнителни информации заинтересираните граѓани можат да се обратат до Општина Охрид, надлежниот Сектор за комунални дејности и сообраќај.

Комисија за спроведување на јавен повик:

Општина Охрид

ул. Димитар Влахов бр. 57
6000 Охрид
Република Македонија

www.ohrid.gov.mk